# Бесправно избрканите работници ќе си ги добијат парите за придонеси

*Досега на постоеше правна можност парите за придонеси да се уплатат во УЈП ниту, пак, можевме да им ги дадеме на рака на работниците, велат во Комората на извршители*

Работниците што ги тужеле своите работодавци за неплатени придонеси и ги добиле на суд, сега ќе можат да си ги земат парите за пензиско и социјално осигурување. Со најновите измени во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, кои стапуваат во сила на 1 јануари 2017 година, извршителите ќе ги уплатуваат парите за нив. Управата за јавни приходи (УЈП) веќе работи на начинот на поднесување на пресметката, а ќе организира и обуки за извршителите, вели директорката на Управата за јавни приходи, Анастасија Илиеска. Пред законските измени, парите што извршителот ги наплатил од должникот, работниците не можеа да си ги добијат, затоа што од 2009 година УЈП ги прима пресметките само за бруто-плата, односно уплатите на сите придонеси заедно. Извршителот, пак, не може да ги уплати на сметка за придонеси без месечна пресметка на придонеси поднесена до Управата и без декларација за прифаќање на месечната пресметка и налог за плаќање издадени од УЈП.

- Досега се соочувавме со проблеми, затоа што не постоеше правна можност парите за придонеси да се уплатат во УЈП. Парите не можевме да им ги дадеме на рака на работниците, затоа што тоа е незаконско, па затоа ги чувавме на посебна сметка, и покрај тоа што законот налага дека парите не смеат да се чуваат подолго од 15 работни дена - изјави Премтим Керими, извршител и задолжен за односи со јавноста во Комората на извршители.

Само по оваа основа, до мај годинава кај извршителите на посебна сметка се чуваат 165.666 евра, каде што тужеле 219 работници.

Законот нема да важи ретроактивно и затоа ќе се бара начин со одлука на Владата овие пари да се распределат во соодветните институции, додава Илиеска.

- Владата бара начин како парите што се наоѓаат кај извршителот по основа на наплата на придонеси за пензиско и здравствено осигурување да бидат трансферирани до соодветните институции. Тоа значи дека вработениот во правниот субјект од кој извршителот наплаќа средства и потоа ги чува на своја сметка, со одлука на Владата, ќе се префрлат во Фондот за пензиско и ќе бидат евидентирани на физичкото лице како придонеси за пензиско. Раскнижување мора да има, работниците треба да бидат заштитени. Тие ќе си ги добијат заостанатите нето-плати и придонеси, како за пензиско, така и за здравствено осигурување - додава Илиеска.

На 137 лица во државните институции според судски одлуки им се уплатени 179.578 евра

Избрканите работници, пак, што со судска одлука подоцна се вратиле на старото работно места, си ги добија придонесите ретроактивно. Парите се трансферираа со владина одлука во државните институции, кои потоа ги уплатуваа во Фондот за пензиско и здравствено осигурување. Само минатата година по оваа основа на 137 лица во државните институции им се уплатиле 179.578 евра. Уште 164 илјади евра останале нераспределени, затоа што лицата биле вработени во приватни фирми.

- Очекуваме со почетокот на новата година и за другите работници што работеле во приватни фирми постапката да биде идентична - додава Керими од Комората за извршители.

Според Министерството за финансии, со донесувањето на овој закон ќе се влијае за поефикасно намирување на обврските по основа на придонеси од задолжителното социјално осигурување.

Слични проблеми имаше и со стечајните постапки, кога наплатените средства од стечајната маса не беа доволни за да се исплати целата бруто-плата и постоеше потреба да се направи корекција на месечната пресметка поднесена од работодавецот пред отворањето на стечајната постапка. Бидејќи стечајниот управник немаше овластување да го прави тоа, парите од стечајната маса остануваа нераспределени и неуплатени, а вработените остануваа без плата, стаж и придонеси. Сега, со измените во Законот, стечајните управници веќе од овој месец ќе можат да им ги уплаќаат средствата и стажот на работниците чии компании отишле под стечај. Упатството како се поднесуваат пресметките е објавено на веб-страницата на УЈП.

- При стечајна постапка, кога стечајниот управник има наплатено одредени парични средства, сега има можност да поднесе делумна и на крајот финална пресметка за плати на вработените лица, со тоа што на сите вработени во правниот субјект што е во стечајна постапка ќе им биде исплатена нето-платата, заедно со придонесите за пензиско и здравствено осигурување - појаснува директорката Илиеска.

Третата можност со овие законски измени е кога правното лице нема да поднесе пресметка за плата за вработените. Тогаш УЈП спроведува присилна наплата и службено ја утврдува обврската за уплата. Службената пресметка ќе биде идентична како и за претходниот месец, кога правното лице поднело пресметка за плата. Со ова УЈП ќе има задолжување по основа на нето-плата, придонеси и даноци.

- Со донесувањето на овие законски измени ги заштитуваме работниците и пред сè нивните работнички права, кога тие се доведуваат до непочитување од страна на компанијата или други правни лица што ги ставаат своите интереси пред интересите на работниците - децидна е Илиеска.

## Петревски: Измените се иницијатива на Комората

Измените на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник“ број 190/2016 од 17.10.2016 година), со кои, меѓу другото, се предвидува извршител да биде обврзник за плаќање во УЈП на средствата наплатени по основа на извршување судска пресуда, на некој начин се донесени по иницијатива на Комората на извршители на Република Македонија.

- Ние подолго време укажувавме на фактот дека на сметките на извршителите лежат пари од придонеси што се присилно извршени од приватни фирми и државни органи во корист на граѓани на кои не им биле плаќани плати односно придонеси. Во изминатите две-три години имавме голем број состаноци со Управата за јавни приходи, Министерството за финансии и Министерството за правда. На нив се разговараше за можните решенија на постојниот проблем. Задоволен сум што имаме законско решение од кое најголема бенефиција ќе имаат граѓаните чии средства со години не можевме да ги уплатиме, поради системот на интегрирана наплата на бруто-плата - изјави Зоран Петрески, претседател на Комората на извршители на РМ.



Со законски измени ги заштитуваме работничките права, вели Анастасија Илиеска директорка на УЈП

Страницата е подготвена во соработка со Комората на извршители на РМ.
Инфо и контакт: 02/3239 877 e-mail: kirm@kirm.mk